АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

# О Д Л У К А
## за ограничувања на вложувањата во одделни видови инструменти различни од ограничувањата утврдени во член 107 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување

Скопје, мај 2006 година

Врз основа на член 106 став (5) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (“Службен весник на РМ” бр.29/02, 85/03, 40/04, 113/05) Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финасирано пензиско осигурување, на седница одржана на 26.05.2006 година, донесе

# О Д Л У К А
## за ограничувања на вложувањата во одделни видови инструменти различни од ограничувањата утврдени во член 107 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување

Член 1

Максималниот процент од вредноста на средствата на пензискиот фонд кои можат да се вложат во инструментите од членот 105 став (1) точка д) од Законот:

- за период од 23.05.2006 година до 23.09.2006 година изнесува 100%;

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Во Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување со членот 107 се пропишани ограничувањата на вложувањата на средствата на пензиските фондови во различните видови на инструменти и групи на инструменти пропишани во член 105 став (1) од истиот Закон. Понатаму во член 106 став (5) од Законот е дадена можност Агенцијата за супервизија на капитално финасирано пензиско осигурување, која освен супервизорска има и регулаторна функција, да пропише различни ограничувања на вложувањата од наведените во Законот, за период не подолг од пет години сметано од датумот кога ќе започне уплатата на придонесот во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување. Во јануари 2006 година Управниот одбор на Агенцијата донесе Одлука за ограничувања на вложувањата во одделни видови инструменти различни од ограничувањата утврдени во член 107 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување со која максималниот процент од вредноста на средствата на пензискиот фонд кои можат да се вложат во инструментите од членот 105 став (1) точка д) од Законот за период од 23.01.2006 година до 23.03.2006 година изнесува 100%. Во месец март 2006 година Управниот одбор на Агенцијата донесе одлука за продолжување на рокот на важање на наведената одлука, за уште два месеци односно до 23.05.2006 година, во врска со инвестирање на средствата на пензиски фонд во обврзници и други хартии од вредност што ги издава или за кои гарантира Република Македонија.

Врз основа на информаците и проценките, Агенцијата утврди дека во почетниот период пензиските фондови располагаат со помал обем на парични средства. Инвестирањето на тие средства во согласност со постоечките законски ограничувања би довело до поголеми трансакциони трошоци наспроти приносот од тоа инвестирање и до извесно намалување на вредноста на средствата на пензиските фондови. Едновремено, имајќи ја предвид малата понуда на расположиви инструменти, освен државни хартии од вредност, а бидејќи инвестирањето во државни хартии од вредност кои се нискоризични и високоприносни е со минимални трансакциони трошоци од 0,12%, Агенцијата ја предлага оваа одлука со цел да се надминат овие состојби кои се карактеристични за почетниот период сметано од датумот на уплата на придонесите во вториот столб. На овој начин со одлуката ќе се обезбеди почетните средства да можат веднаш да се инвестираат со минимални или никакви трошоци што е во интерес на членовите на пензискиот фонд.

Со претходната одлука се предвидуваше постоечкото законско ограничување од 80% во првиот и вториот месец да се зголеми на 100%, за во почетокот на третиот месец да се врати на законското. Заради поголема прегледност и прецизност се пристапи кон донесување на нова одлука и со оваа одлука се предлага за државните хартии од вредност ограничувањето да остане на 100% и за наредните четири месеци односно до 23.09.2006 година , а потоа да се намали на законското решение.

Бр.02-677/3
26 мај 2006г.
С к о п ј е

Претседател на Управниот одбор,
д-р Ана Павловска Данева, с.р.